ИЗЛОЖБИ

# ЕДНОСТАВНА ВОНВРЕМЕНСКА МОНУМЕНТАЛНОСТ

***- Графики на Марија Бономи во Музејот на современата уметност, Скопје***

Воскитувачка монументалност како почеток. Тоа е првиот впечаток што го има гледачот кога се движи во изложбениот простор. Не станува збор за димензиите на делата, иако и тие не се занемарливи (отприлика 100 х 100 см), туку за внатрешната содржина, која ве заплиснува од длабочините на секоја творба. Поточно речено, монументалноста произлегува од начинот на изведба - технички и естетски. Станува збор за дрворези, а она што најмногу изненадува е просторноста што авторката ја чувствува и ја изразува преку режење на дрвото, односно ослободување на формите. Отсуството на рамки не е невообичаено, а во овој случај придонесува за понепосредно и слободно доживување на суштината.

Просторот како бескрај, а формата како збиена суштественост. Чистиот слободен бел универзум во центарот на својата празнина крие само една единствена форма. Таа се раѓа од големо црно композитно јадро, кое понекогаш останува цврсто затворено и мирно, а понекогаш пулсира со вибрирачки ритам. Понекогаш е расечено и се крши на два, три и повеќе дела, а понекогаш останува празно. Но, јадрото си останува јадро, кое, иако единствено во својата збиеност, сепак е почеток на нештата. Се чини дека процесот на креирање на нештото - цртеж можеби започнал да се случува пред неброено многу години или, пак, само што започнал. Фактот дека овие свежи форми се создадени пред четириесетина години говори во прилог на нивната вонвременост.

Апстрактниот цртеж доминира во целата композиција, а просторот, кој останува ослободен од секаква ненаметливост, ги потенцира неговото значење и големина и токму тука е вистинската убавина - делото не е оптоварено од horor vacui. Бојата (црвена, зелена, сина) се јавува повремено, само како израз на моменталното расположение или како желба да се потенцира нештото и не одзема ни најмалку од свечената монументалност. Естетскиот принцип е испочитуван до крај.

Маја ЧАНКУЛОВСКА





